**Д-р Ѓорѓи Гоцков**

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Економски факултет – Скопје

# ЕФЕКТИ ОД КРИЗАТА ВРЗ БИЛАНОСТ НА ПЛАЌАЊЕ – СЛУЧАЈОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Движењата во Биланост на плаќање во Република Македонија во последните 6–7 години беа под влијание на светската економска криза и должничките кризи на одделни земји-членки на ЕУ. Во такви околности, (1) дефицитот на тековната сметка забележа значително намалување, при истовремено (2) значително намалување на приливите во финансиската сметка.

Просечниот годишен износ на дефицит на тековната сметка во периодот 2009–2015 година изнесува 194 милиони евра (2,6% од БДП), што е за 132 милиона евра (3,1 од БДП) пониско во споредба со периодот пред кризата (2003–2008 година). Споредено со новите земји-членки на ЕУ,[1] ова намалување на дефицитот на тековната сметка во билансот на плаќање е поумерено. Имено, дефицитот на тековната сметка кај новите земји-членки на ЕУ во истиот период е намален за 7,7% од БДП, при што најголемо намалување е забележано кај балтичките земји и Бугарија (за околу 12% од БДП).

Анализирано од макроекономски аспект, намалувањето на дефицитот на тековната сметка во Р. Македонија се должи на значителното зголемување на бруто националното штедење за 9% од БДП, што воедно претставува и најголемо зголемување споредено со новите земји-членки на ЕУ (Графикон 1). Имено, бруто националното штедење во новите земји-членки на ЕУ во просек во анализираниот период е зголемено за 1,2% од БДП, при што во одредени земји е забележано и намалување на штедењето (Словенија, Хрватска, Чешка и Словачка). Инаку, зголемувањето на штедењето е вообичаено однесување на економските субјекти во услови на криза.

[1] Како нови земји-членки на ЕУ во оваа анализа се земени: Чешка, Словенија, Словачка, Полска, Унгарија, Естонија, Латвија, Литванија, кои влегоа во ЕУ во 2004 година, Бугарија и Романија, кои влегоа во ЕУ во 2007 година, и Хрватска, која влезе во ЕУ во 2013 година.

Графикон 1. Тековна сметка на билансот на плаќање во Р. Македонија и новите земји-членки на ЕУ – анализа на детерминати пред и по кризата (% од БДП)







Извор: ММФ, НБРМ и пресметки на авторот

Од друга страна, инвестициите во Р. Македонија во периодот 2009–2015 година, исто така, забележаа зголемување од 6% од БДП во споредба со преткризниот период. Ова е невообичаено и различно од движењата во останатите земји, каде што инвестициите бележеа намалување, како резултат на воздржаноста на економските субјекти од инвестирање во услови на криза и неизвесност. Така, инвестициите во новите земји-членки на ЕУ во истиот период бележат намалување во просек од 6,5% од БДП, при што најголемо намалување е забележано во балтичките земји, Словенија и Хрватска. Зголемувањето на инвестициите во Р. Македонија се должи на инвестирањето на јавниот сектор, што кореспондира и со зголемениот буџетски дефицит и следствено зголемениот јавен долг на земјата.

Анализирано по одделни компоненти на тековната сметка на Билансот на плаќање, намалениот дефицит на тековната сметка во најголем дел се должи на значително зголемениот износ на секундарен доход, односно на нето-приливот по основ на трансфери од странство. Имено, оваа компонентна на Билансот на плаќање во периодот 2009–2015 година е зголемена за 628 милиони евра во просек годишно во споредба со периодот 2003–2008 година. При ваквата анализа треба да се имаат предвид и методолошките специфики при изготвувањето на оваа компонента во македонскиот биланс на плаќање. Имено, во оваа категорија влегуваат и нето-приливите по основ на менувачко работење (откупена и продадена ефектива на менувачкиот пазар), што се должи на претпоставката дека значаен дел од овие средства

потекнуваат од неевидентиран извоз на стоки и услуги (сива економија) и примени трансфери во ефективни странски пари.

Релативно високите нето-приливи по основ на трансфери од странство се карактеристика на македонскиот биланс на плаќање, при што овие трансфери компензираат значаен дел од дефицитот во трговскиот биланс. Имено, трговскиот дефицит (извоз и увоз на стоки) во анализираниот период е зголемен за 593 милиони евра во просек, како последица на повисокиот пораст на увозот на стоки (за 1.587 милиони евра) во однос на порастот на извозот на стоки (за 994 милиони евра). Трговскиот дефицит во периодот 2009–2015 година во просек годишно изнесува 23,4% од БДП.

Во насока на намалување на дефицитот на тековната сметка влијаеше и повисокиот износ на нето-приливи по основ на услуги (за 148 милиони евра), додека нето-доходот од странство (примарниот) во истиот период забележа зголемен нето-одлив (за 51 милион евра).

Графикон 2. Компоненти на тековна сметка – ефект од кризата (во милиони евра)




Извор: НБРМ и пресметки на авторот

Во делот на финансиската сметка, кризата предизвика значително намалување на нето-приливите. Имено, во периодот 2009–2015 година во финансиската сметка се остварени просечни годишни нето-приливи во износ од 276 милиони евра (2,5% од БДП), што е за околу 200 милиони евра помал нето-прилив споредено со периодот

2003–2008 година. Анализирано по одделни компоненти, намалените нето-приливи во финансиската сметка, главно, произлегуваат од намалените приливи по основ на странски директни инвестиции и зголеменото повлекување на ефектива (готовина) од домашните банки од страна на населението. Тоа се должи на зголемената побарувачка за девизи во услови на присутни ризици во домашното окружување. Во некои од земјите од ЕУ, како резултат на кризата, беа забележани и нето-одливи во финансиската сметка (Бугарија, Чешка, Унгарија, Словенија и балтичките земји).

Графикон 3. Структура на финансиската сметка на билансот на плаќање
(во милиони евра)




Извор: НБРМ и пресметки на авторот

Странските директни инвестиции во периодот 2009–2015 година забележаа просечно годишно намалување од околу 90 милиони евра во споредба со преткризниот период (2003–2008). Вакво намалување на странските директни инвестиции е присутно и кај останатите земји-членки на ЕУ кои се предмет на оваа анализа, што се должи на воздржаноста од инвестирање на економските субјекти во услови на глобална економска и европска должничка криза. Од друга страна, во финансиската сметка на билансот на плаќање на Р. Македонија во анализираниот период е забележано зголемено користење на кредити од странство (во просек, годишно за околу 110 милиони евра), што главно се должи на зголеменото задолжување на јавниот сектор.[2] Треба да се истакне дека во периодот 2009–2015 година државата издаде 3 еврообврзници во вкупен износ од 945 милиони евра, што позитивно влијаеше врз

[2] Во 2011 година државата повлече средства од кредитната линија за претпазливост на ММФ и се задолжи кај Дојче банк и Сити банк со користење гаранција од Светска банка. Во 2013 година државата се задолжи кај Дојче банк со користење на гаранција од Светска банка и дополнително зеде заем од Светска банка за развојни политики и поттикнување на конкуренцијата.

финансиската сметка од билансот на плаќање. Овие средства беа искористени за враќање на претходни задолжувања на државата, како и за финансирање на зголемениот буџетски дефицит во овој период.

Графикон 4. Општото салдо на билансот на плаќање и финансирање на тековната сметка (% од БДП)




Извор: НБРМ и пресметки на авторот

Како резултат на ваквите движења во тековната и финансиската сметка, позитивното салдо на општиот биланс (overall balance) во периодот по кризата забележа умерено намалување (во просек од 22 милиона евра). Притоа, повисокиот дефицит на тековната сметка во однос на нето-приливите во капитално-финансиската сметка доведоа ова салдо да биде негативно во 2013 и 2015 година (Графикон 4). Сепак, поголемите нето-приливи во финансиската сметка во однос на дефицитот во тековната сметка од билансот на плаќање, регистрирани во поголем дел од посткризниот период, доведоа до натамошно зголемување на девизните резерви (кумулативно за околу 110 милиони евра).

## НАДВОРЕШНА ТРГОВСКА РАЗМЕНА СО БУГАРИЈА

Бугарија претставува значаен трговски партнер на Р. Македонија. Во континуитет, во последните десет години Бугарија влегува во првите 5-6 земји со најголемо учество во вкупната надворешнотрговска размена (извоз и увоз на стоки) што ја има Р. Македонија. Просечното учество на надворешнотрговската размена со Бугарија во периодот 2005–2015 година изнесува 6,2% од вкупната размена на Македонија со странство. Динамички анализирано, ова учество беше највисоко во 2010 година (6,8%),

по што беше присутна тенденција на континуирано намалување и сведување на учеството на 5,6% во 2015 година. Изразено во апсолутна вредност, вкупната надворешнотрговска размена со Бугарија во последните 5 години изнесува околу 540 милиони евра годишно, при што просечната годишна стапка на раст во овој период изнесува околу 5%. За споредба, просечната годишна стапка на пораст во изминатите 10 години изнесува околу 10%.

Графикон 5. Вкупна надворешнотрговска размена на Р. Македонија (извоз и увоз на стоки)

(со Бугарија, во милиони евра) (учество по земји, во %)







Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија и сопствени пресметки

Вредноста на извезените стоки во Бугарија во последните 5 години изнесува околу 240 милиони евра, односно околу 7% од вкупниот извоз на стоки на Р. Македонија со странство. Со ваков извоз на стоки, Бугарија се позиционира на второто место, веднаш зад Германија, која доминира како пазар каде што се извезуваат најзначаен дел од стоките од Р. Македонија (во 2015 извозот кон Германија достигна 1.795 милиони евра, односно 44% од вкупниот извоз на стоки).

Во последните 5 година извозот на стоки кон Бугарија расте со мала стапка од 2% годишно, додека просечната годишна стапка на раст во последните 10 години изнесува околу 20% (главно поради повисоките стапки на раст остварени во периодот 2005–2008 година). Како последица од кризата, во 2009 година е забележано позначајно намалување на извозот (за 40%), при што сè уште (2015) не е достигнат годишниот износ на извезени стоки од 2008 година.

Анализирано по производи, извозот на руди (олово, бакар, цинк) сочинува речиси половина од вкупниот извоз на Р. Македонија во Бугарија во 2015 година. Позначајно

учество има и извозот на железо и производи од железо и тутунот. Динамички анализирано, слична структура на извозот се заблежува и во изминатите 10 години.

Графикон 6. Извоз, увоз и салдо во размената со стоки со Бугарија (во милиони евра)




Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија и сопствени пресметки

Вредноста на увезените стоки од Бугарија во последните 5 години изнесува околу 300 милиони евра, односно околу 6% од вкупниот увоз на стоки во Р. Македонија од странство. Со ваков увоз, Бугарија се позиционира на седмото место според вредноста на увезените стоки. Динамички анализирано, по годишното намалување во 2009 година (од 20%) поради кризата, во наредните две години бележи високи стапки на раст (2010 година од 30% и 2011 година од 43%). Со тоа, тековната вредност на увезени стоки од Бугарија ја надминува вредноста од пред кризата.

Анализирано по производи, од Бугарија најмногу се увезува електрична енергија, гасни масла, сурови масла од сончоглед, производи и отпадоци од челезо и челик, бензин и сл. Она што е евидентно е значително зголемениот увоз на електрична енергија од Бугарија во последните неколку години.

Ваквите движења на извозот и увозот на стоки доведоа Р. Македонија континуирано да остварува дефицит во размената со Бугарија. Просечниот годишен износ на трговски дефицит во размената со Бугарија изнесува околу 50 милиони евра во последните 10 години (во последните 5 години трговскиот дефицит во просек изнесува 67 милиони евра).

Како посебен проблем кој се јавува во размената со Бугарија е потценетата вредност на извезените земјоделски производи. Имено, од изјавите на земјоделци од пограничните подрачја се добива впечаток дека вредноста на извезените земјоделски производи е значително и неколкукратно повисока во споредба со официјалната статистика базирана на податоци од Царинската управа. Исто така, постои разлика во податоците што ги објавува Р. Македонија и оние што ги објавува Бугарија. Така, на пример, во 2015 година увозот од Бугарија согласно со податоците од Државниот завод за статистика на Р. Македонија е за 80 милиони евра помал отколку што е вредноста на извезените стоки од Бугарија во Р. Македонија согласно со податоците на Националниот институт за статистика. Слична ваква разлика е присутна и во изминатите години. На страната на извозот на стоки, оваа разлика е поумерена и во просек годишно изнесува околу 15–30 милиони евра. Тоа доведува трговскиот дефицит во размената со Бугарија што го прикажува македонскиот Завод за статистика да биде помал од оној што го прикажува бугарскиот Институт за статистика (за околу 40–70 милиони евра).

Како предизвици кои претстојат во наредниот период се: интензивирање на трговската соработка и зголемена вредност на размената, пореално прикажување на размената со земјоделски производи (со оглед дека нејзиниот износ е потценет) и усогласување на податоците што се прикажуваат од Државниот завод за статистика на Р. Македонија и Националниот институт за статистика на Бугарија.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


- Народна банка на Република Македонија, разни изданија (www.nbrm.mk)
- Државен завод на Р. Македонија, разни изданија (www.stat.gov.mk)
- Ѓ.Гоцков (2013), Интегрирани макроекономски сметки и случајот на Република Македонија, Еднотера, Скопје
- IMF, World Economic Outlook, July 2016 (www.imf.org)
- ЕУРОСТАТ, разни изданија (www.ec.europa.eu/eurostat)